Општина Кочани
Ул.„Раде Кратовче“ бр.1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Tel. +389(0)33/274-001 • Faks . +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

Врз основа на чл. 50, ст. 1, т. 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и Одлуката за распишување оглас за организирање на културен настан Концерт на групата Нокаут “ по повод Петровден , празник на градот Кочани од 04.07 2024 година, Комисијата за организирање на културен настан „ „Концерт на групата Нокаут “ по повод Петровден , празник на Кочани распишува:.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
БР. 03-609/19
04.07 2024 год.
КОЧАНИ

# О Г Л А С

за организирање на културен настан „ Концерт на групата Нокаут “ по повод Петровден , празник на градот Кочани

1. По повод Петровден , празникот на Кочани пред Споменикот на Слободата во Кочани на 12.07.2024 година во 21 часот ќе се одржи Културниот настан „ Концерт на групата Нокаут “

2. Се бара здружение кое ќе го спроведе настанот односно ќе ја ангажира групата „Нокаут“ за настап во Кочани во предвидениот термин. Групата треба да настапи во целосен состав во живо во време од 2 часа.

3. Здружението е потребно да достават CV со кое ќе докаже дека работи во областа на културата.

4. Износот на средства кои Општина Кочани ги издвојува за организирање на настанот се бруто 253 000,00 денари.

5. Право на учество на огласот имаат здруженија на граѓани, регистрирани во Централен регистар на РС Македонија кои работат на полето на културата.

6. Предност ќе имаат здруженијата :

   -кои за организирање на настанот понудиле најповолна цена, односно цена која не го надминува лимитот од 253.000,00 денари бруто износ или е пониска од истиот;
   -здруженија кои се од Кочани и Кочанско ;
   -здружение кое има издржано CV;

7. Општина Кочани ќе склучи Договор со најповолниот понудувач, во кој подетално ќе бидат дефинирани правата и обврските на двете договорни страни.

Општина Кочани
Ул.„Раде Кратовче“ бр.1 * 2300 Кочани * Република Северна Македонија
Tel. +389(0)33/274-001 • Faks . +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

8. Општина Кочани има обврска да го подготви теренот каде ќе се одвива настанот и тоа:

да ја исчисти и подготви локацијата за непречено организирање на настанот, да обезбеди озвучување, обезбедување и сл

9. Обврска на Здружението е да обезбеди настап на музичката група „Нокаут“ од Скопје и на истите да им исплати хонорар не повисок од 253.000 денари.

10. Обврска на здружението е по завршување на настанот да даде извештај за завршените активности;

11. Огласот трае 3 дена од денот на објавувањето.

Претседател на Комисијата

Аника Илијевска Ѓоргиева

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА КОЧАНИ *